# ЗАПИСНИК
## од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 26.10.2023 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на 2-ри кат.

Г-дин Петрушевски најави дека во предложениот дневен ред ќе се додаде уште една Точка бр.5 со наслов - Предлог за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар, за која што исто така беше доставен материјал.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, (г-дин Јанчески не беше присутен во моментот на гласање), го усвои следниот коригиран:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 16.10.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.10.2023 година.
3. Предлог – одлука за необјавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.
4. Предлог одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО.
5. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со 5 гласа „за", (г-дин Јанчески не беше присутен во моментот на гласање), го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 16.10.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со 6 гласа „за", го усвои предложениот Записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.10.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог – одлуката за необјавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Објасни дека на претходно спроведената јавна набавка за изработка на Студија на барање на ТВ 24 Вести, согласно резултатите од Студијата, Советот на Агенцијата донесе Одлука да го одбие Барањето на подносителот. Радиодифузерот на таа донесена одлука поднесе жалба до Управниот суд кој потоа донесе Пресуда да се преиспита Одлуката на Советот, односно да се донесе повторно Одлука од страна на Советот. Во јануари оваа година Советот донесе Заклучок дека по објавување на резултатите од Анализата на пазарот за 2022 година, Агенцијата по службена должност ќе објави јавен повик за изработка на Студија за потребите за распишување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Наведе дека сега Студијата е изработена и согласно нејзините наоди нема оправданост да се распише јавен конкурс.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс се состои од три дела и тоа економска анализа, анализа на постојната медиумска понуда и третиот дел е анализа на потребите на публиката, односно задоволството од квалитетот на програмските содржини. Целта на Студијата е преку овие три аспекти да се утврди дали постои оправданост за распишување конкурс онака како што е дефинирано во Законот, од аспект на целите, односно да се овозможи развој, плурализам на пазарот и од аспект на потребите на публиката. Сознанијата кои произлегоа од Студијата е дека ништо не се промени на подобро од претходно изработените студии од економски аспект, напротив, влошена е ситуацијата во однос на финансиската одржливост на медиумите кое исто така е констатирано во два Извештаја за напредокот на земјата (progress reports) каде што се става значаен акцент на обезбедување финансиска одржливост, за кое што цитираше „на пазарот има голем број на медиуми со оглед на прилично малата потрошувачка, достапното финансирање, финансиската одржливост претставува значаен предизвик". Ова е нешто што на сите им е познато. Анализата на постојната

понуда покажува едноличност, бидејќи сите 5 телевизии на државно ниво се од општ формат, а публиката бара детска програма, образовна, квалитетни играни серии, спорт. И оттука произлегува дека не постои оправданост за доделување дозвола за телевизија од општ формат. Доколку се додели дозволата, би била дуплирана сегашната понуда, бројот на медиуми дополнително би се зголемил, а бидејќи во сите Извештаи работењето на Агенцијата е многу добро оценето, во случајов доколку се постапи спротивно од заклучоците на Студијата, ќе биде факт дека Агенцијата не води сметка за финансиската одржливост на пазарот.

Г-дин Петрушевски потсети дека на оваа тема Советот разговараше и во јануари оваа година доста детално. Сега исто така во материјалите по точката детално е наведена целата хронологија на настаните. Овој процес трае неколку години, од 2020 до сега. Предлогот од Стручната служба и директорот е едноставен односно да не се објави конкурс поради главниот наод во Студијата дека нема оправданост за објавување. Ја прочитал Студијата која покажува дека економската состојба во државата целокупно е доста лоша, вклучувајќи ги и медиумите, која дополнително е влошена поради состојбата со Ковид пандемијата пред некоја година и додатно со војната во Украина. Она што не го пишува во Студијата и не можеше да го пишува е дека претходниот месец започна нова војна во светот, а тоа е помеѓу Израел и Хамас што не дава надеж дека нешто брзо ќе се реши на подобро. За лошата економска состојба во Македонија како граѓани не ни требаат Студии за да ја видиме, доволно е да се отиде во продавница за храна и ќе се согледа колку цените на продуктите се зголемени од пред некоја година, најмалку за 50%. Исто така може да се заклучи дека неколку мали медиуми годишно се откажуваат од дејноста поради финансиски причини. Во таа насока рече дека предлогот му е јасен и го прифаќа, дека не треба да се објави оваа Студија, дека е доволен сегашниот број на медиуми посебно на национално ниво. Доколку барањето е за мал локален медиум онаму каде што нема веројатно би го поддржал но за национално ниво не. Дополнително не се знае и нема гаранција кој ќе ја добие дозволата бидејќи конкурсот е отворен за сите што сакаат да конкурираат и ги исполнуваат условите, што значи дека постои можност да биде и некоја нова телевизија а не оваа која е барател за телевизија. Реална е можноста ако добие друг субјект да се зголеми бројот на државни медиуми. Во целост го поддржува предлогот од службата и директорот и ќе гласа да не се објави овој јавен конкурс.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски донесе Одлука за необјавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси со: претежно забавен општ формат, претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, затоа што со Студијата арх.бр.03-3610/3 од 20.10.2023г., се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси за наведените формати на телевизиски програмски сервиси.

За донесената одлука да се извести Управниот суд на Република Северна Македонија и заинтересираната страна за доделување на дозвола.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече се надева дека кај нас и во светот ќе се подобри финансиската состојба и можеби за некоја година ќе има можности да се распише овој

јавен конкурс. Исто така важно е да се каже дека барателот треба да го смени барањето за форматот на телевизијата кој во нашата држава недостасува.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО. Објасни дека доставеното известување е комплетно и уредно. Станува збор за промена на сопственичка структура врз основа на оставинска постапка. Сопственикот на оваа радио станица почина и како наследник се јавува неговата сопруга. Направени се проверки во Централен регистар и констатирано е дека нема законски пречки таа да биде сопственик. Во таа насока е и предлогот, да се одобри бараната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар. Објасни дека овој систем функционира на база на припејд, односно се уплаќаат средства и потоа како се користат услугите се намалува уплатениот износ. Сегашното барање е во износ од 40.000,00 денари а последен пат е уплатено во февруари оваа година во износ од 30.000,00 денари. Од тогаш до сега овие средства се потрошија како на пример за проверка на недозволена медиумска концентрација при промена на сопственичка структура, потоа Секторот за правни работи ги користи за проверка на тековна состојба кога се изрекуваат мерки, некогаш е поинтензивна употребата некогаш не, но секогаш средствата траат подолг период.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се одобруваат средства во износ од 40.000,00 денари заради овозможување пристап на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, со што ќе се создадат услови за тековно исполнување на обврските кои за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предвидени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен

весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14).

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3836/5

06.11 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**